## Нацрт Акциски план за интегрирање интегрирање на родовите прашања при подготовката на 4-тиот национален план за климатски промени / 3-тиот двогодишен извештај

| **Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи** | **Чекори за вклучување на родовите аспекти** | **Акција - што треба да направиме** | **Што е потребно тоа да го направиме** | **Кој?**<br>**(Одговорна страна)** | **Кога?**<br>**Временски распоред** | **Дали ни треба буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **А: Првична подготвителна фаза за националните планови (НП)** | | | | | | |
| ➢ Предлог проект за НП и подготвен е договор за спроведување<br>➢ Назначен е национален координатор и/или проектен тим<br>➢ Подготвен е буџетот | Подготовка на Образец за идентификација на проект и проектен документ кои содржат родови аспекти | Идентификување на податоци за родовите аспекти кои треба да се вклучат во деловите од НП и нивно вградување во Образецот за идентификување на проектот и во Проектниот документ<br><br>Вклучување трошоци поврзани со родовите аспекти во буџетот на проектот<br><br>Вклучување на трошоци за градење капацитети, собирање на податоци и анализа во релевантните делови од НП | Процес на консултација со главните засегнати страни | УНДП во блиски консултации со Министерството за животната средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерството за труд и социјална политика | Прва половина на 2018 година | Не |
| **Б: Евидентирање и известување за националните околности** | | | | | | |
| ➢ Преглед и известување за националните околности во однос на климата и родовите аспекти, вклучувајќи и:<br>• Географски и геолошки фактори во однос на климата<br>• Преглед на политичката ситуација и структура на владата<br>• Преглед на социо-културната состојба и динамика | Собирање на родово-расчленети податоци и на истражувањата направени до тогаш за родови прашања а во врска со употреба на ресурси, управување со природните ресурси и улогите на жените и мажите во секоја област на економијата | Подготовка на Проектни задачи и идентификување на квалификувани консултанти | Ангажирање на национални консултанти/компанија за да ги собере и анализира податоците и информациите | Проектниот тим | Втора половина на 2018 година | Да |

| **Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи** | **Чекори за вклучување на родовите аспекти** | **Акција - што треба да направиме** | **Што е потребно тоа да го направиме** | **Кој? (Одговорна страна)** | **Кога? Временски распоред** | **Дали ни треба буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| • Преглед на економските услови, особено во однос на следните сектори: земјоделство, туризам, управување со природни ресурси<br>• Резиме на состојбата во однос на природните ресурси сектор по сектор, на пр.: земјиште, вода,. енергетика | Да се истакнат прашања кои се јавуваат во однос на знаењата на жените и мажите и употребата на земјиштето, водата и енергијата<br>Идентфиикување на социјалните и културните фактори како на пример нивото на образование и писменост на мажите и жените, разликите меѓу руралните и убаните жени и руралните и урбаните мажи<br>Внесување на фактите за претставеноста на жените и мажите при носење на одлуки за ресурси и политики. Идентификување на ограничувањата при правичната застапеност.<br>Истакнување на разликите во учеството на жените и мажиуте во различни аспекти од економијата. | | | | | |
| **В: Првична работилница за иницирање на процесот на подготовка на националните планови (НП)** | | | | | | |

| Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи | Чекори за вклучување на родовите аспекти | Акција - што треба да направиме | Што е потребно тоа да го направиме | Кој?<br>(Одговорна страна) | Кога?<br>Временски распоред | Дали ни треба буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ➢ Ангажирање на главните засегнати страни од владата, граѓанскиот сектор, академските кругови и приватниот сектор<br>➢ Собирање и споделување на информации од сите засегнати страни<br>➢ Формриање на тематски работни групи<br>➢ Зајакнување на учеството во процесот на подготвка на националните планови | Зголемување на знаењето и свесноста на сите релевантни засегнати страни за родовите прашања и за прашањата поврзани со климатските промени<br>Обезбедување доволно информации и соодветни материјали за подигање на свеста и едукација во врска со родот и климатските промени<br>Учество на сите засегнати страни во консултативните процеси за изработка на НП<br>Создавање на овозможувачка средина за креирање на предводници во однос на родовите прашања и климата во земјата<br>Ангажирање /сензитизирање на националната Комисија за еднакви можности за жени и мажи, Парламентарниот клуб за родови прашања и за прашања поврзани | Работа со министерствата одговорни за родова еднаквост и за климатски промени со цел да се идентификуваат засегнати страни од владата, приватниот сектор, граѓанскиот сектор и академските установи да се вклучат во консултативниот процес за подготовка на националните планови.<br><br>Идентификување на лица и/или други субјекти од владата, граѓанскиот сектор, приватниот сектор, академските установи и медиумите кои имаат потенцијал да станат предводници за род и климатски промени во земјата и да се поканат на првичната работилница како и на сите други релевантни консултативни состаноци<br><br>Вклучување на лицата за контакт за родови прашања во НККП<br><br>Изработка на сеопфатни материјали за подигање на свеста и едукација<br><br>Организирање на тематски работилници за родови | Организирање на сеопфатен и постојан консултативен процес<br><br>Спроведување на постојани кампањи за подигање на свеста и едукација<br><br>Изработка на „Зошто треба да ни е грижа?" материјали за градење на капацитети со конкретни правила за тоа зошто родовите аспекти од климатските промени се важни во приоритетните подрачја<br><br>Да се истражи можноста за изработка на модул за обука за родови прашања и климатските промени кој ќе биде вклучен во задолжителната обука за државните службеници | Проектниот тим во соработка со главните национални засегнати страни, и во консултација со Глобалната програма за поддршка и Секретаријатот на УНФЦЦЦ | Трето/четврто тромесечје од 2018 година | Да<br>Околу 10.000 УСД<br><br>Околу 7.000 УСД |

| Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи | Чекори за вклучување на родовите аспекти | Акција - што треба да направиме | Што е потребно тоа да го направиме | Кој? (Одговорна страна) | Кога? Временски распоред | Дали ни треба буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | со климатските промени<br>Утврдување критериуми за да с еобезбеди дека собирањето на податоци и информации содржи и родови прашања во секој сектор и секоја компоентна за која се известува во НП<br>Вградување на препораката за родови прашања уште од почетната работилница и други консултативни состаноци во Проектниот документ и поконкретно во годишните работи планови на проектот. | прашања и климатските промени, како и за потребите за известување до УНФЦЦЦ<br><br>Спроведување обуки за релеватните национални засегнати страни за родови прашања и климатски промени | | | | |
| **Г: Подготовка на компонентите на националните планови** | | | | | | |

| Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи | Чекори за вклучување на родовите аспекти | Акција - што треба да направиме | Што е потребно тоа да го направиме | Кој?<br>(Одговорна страна) | Кога?<br>Временски распоред | Дали ни треба буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ➢ Области за известување: Оценка на ранливоста и на адаптација<br><br>• Документација за сегашните климатски, социо-економски и природни системи<br>• Идентификација на приоритетни области во земјата и сектори кои треба да се оценат<br>• Оценка на сегашната состојба, идните ризици, ранливите сектори<br>• Преглед и документирање на политиките, стратегиите и мерките за адаптација<br>• Преглед на научените лекции и добри практики<br>• Оценка на техничката способност на сегашните човечките ресурси за да дадат поддршка за адаптација<br>• Планирање да се зајакне свеста на јавноста и капацитетот за адаптација во различни сектори<br>• Утврдување на приоритетите и подобрување на одговорите за адаптација поврзани со проектот<br>• Идентификација на области за законодавствна реформа и реформа за политики | Правење оценката на ранливоста и на адаптацијата повеќе да ги земаат предвид родовите прашања<br><br>Обезбедување родовите аспекти да се вградени во социо-економската анализа и анализата на ранливоста на приоритетните области, како и во соодветните акциски планови за адаптација<br><br>Идентификување на главна група индикатори со цел да се мониторираат родовите прашања<br><br>Обезбедување научените лекции и добрите практики да ги содржат родовите аспекти, разликите во искуствата на мажите и жените, нивните знаења и придонесите<br><br>Градење на техничките капацитети на главните национални институции за да се | Изработка на критериуми и индикатори специфични за земјата и кои ги земаат предвид родот и климатските промени и кои овозможуваат мониторинг на родовите прашања во приоритетните области<br><br>Собирање на родово расчленети податоци и вклучување на анализата на разликите меѓу жените и мажите во сите извештаи со цел да се разјаснат разликите во ранливоста меѓу мажите и жените<br><br>Идентификување сектори/пот-сектори во кои нема родово-расчленети податоци и/или пак ги има недоволно<br><br>Ангажирање/сензитивирање на соодветните собраниски комитети за родови прашања и климатските промени<br><br>Спроведување обуки за релеватните национални засегнати страни за родови прашања и климатски промени во однос на ранливоста и адаптацијата | Вклучување на идентификација и собирање на родово расчленети податоци во Проектни задачи на техничката работна група за приоритетните области<br><br>Обезбедување на правина застапеност на родовите во составот на Техничката работна група<br><br>Министерството за животната средина и просторно планирање да потпише Меморандуми за разбирање со релевантните национални институции за да се поддржи собирањето а родово-расчленети податоци | Проектниот тим<br>Специјалисти на УНДП за мониторинг и евалуација и родови прашања<br>Помош од GSP и УНФЦЦЦ при обезбедување на специфична техничка помош за Техничката работна група за аспекти поврзани со родови прашања и климатските промени | 2019 | Да<br>Околу 10.000 УСД |

| Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи | Чекори за вклучување на родовите аспекти | Акција - што треба да направиме | Што е потребно тоа да го направиме | Кој?<br>(Одговорна страна) | Кога?<br>Временски распоред | Дали ни треба буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | поддржи оценката на анализата и изработката на релевантни политики, стратегија и мерки за адаптација<br><br>Вклучување на владината агенција одговорна за родова еднаквост во законодавството и во политиките<br><br>Поддршка на законодавните, стратепките и институционалните реформи со цел да се решат ранливоста и адаптацијата во однос на родови прашања и климатските промени<br><br>Ангажирање на граѓанска организација за родова еднаквост и заштита на животната средина за промоција на прашања во врсска со климатските промени и родови прашања | | | | | |

| Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи | Чекори за вклучување на родовите аспекти | Акција - што треба да направиме | Што е потребно тоа да го направиме | Кој? (Одговорна страна) | Кога? Временски распоред | Дали ни треба буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ➢ Инвентар на стакленички гасови<br><br>• Изработка на насочени стратегии за вклучување во стратешките документи собирањето на податоците за стакленички гасови и нивна анализа од различни сектори<br>• Назначување на национален координативен сектор за инвентаризација на стакленички гасови и за техничката работна група (со јасни одговорности и Проектни задачи)<br>• Разработка на работен план со идентификација на анализа на главните категории<br>• Дефинирање на приоритетите за процесот на теххничка инвентаризација и поврзаните потреби за градење капацитети<br>• Идентификување на на проблемите со главните податоци и стратегии за надминување на ограничувањата | Процесот на инвентаризација на стакленички гасови повеќе да ги зема предвид родовите прашања (родово-респонзивен)<br>Ангажирање на родови специјалисти од Владата, приватнито сектор и граѓанскиот сектор за изработка на рамка за родова анализа за собирање податоци за стакленички гасови од различни сектори во национален контекст<br>Обезбедување планот за работа да содржи категории каде родовата поделба на работната сила го покажува опсегот на длабинската родова анализа<br><br>Кога инвентарите на стакленички гасови се поврзани со социјалните податоци, обезбедување собирање на родово расчленети податоци, идентификување на празнините во податоците и | Идентификување на релевантни извори на податоци | Вмрежување, координација и консултација | Проектнио тим со поддршка од Министерството за животната средина и просторно планирање и Министерството за труд и социјална политика<br><br>Помош од Глобалната програма за поддршка и УНФЦЦЦ при обезбедување на специфична техничка поддршка | 2018/2019 | Не |

| **Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи** | **Чекори за вклучување на родовите аспекти** | **Акција - што треба да направиме** | **Што е потребно тоа да го направиме** | **Кој?**<br>**(Одговорна страна)** | **Кога?**<br>**Временски распоред** | **Дали ни треба буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вклучување на разгледувањето на родовите прашања во стратегии со цел надиминување на ограничувањата во податоците | | | | | |
| ➢ Оценка на митигацијата на климатските промени<br><br>• Формирање на секторски тимови кои ќе работат со техничката работна група за стакленички гасови со цел олеснување на размената на информации и промоција на напорите за одржлив развој и вклучување на оваа проблематика во главните стратегии<br>• Изработка на работен план за оценка на ублажувањето со јасни цели, временски рамки и одговорности<br>• Идентифкување на изворите на податоци вклучително и институции/организации, поединци и специјалисти<br>• Изработа на јасни Проектни задачи, со наведени одговорности и задачи за сите засегнати страни<br>• Идентификиување на реалистични и соодветни методологии поврзани со националните капацитети и податоци<br>• Изработка на основни сценарија и други параметри поврзани со ублажувањето на климатските промени | Оценката на ублажувањето (митигацијата) да ги земе повеќе предвид родовите аспекти (да биде родово-респонзивна)<br><br>Обезбедување родовите аспекти да се вградени во оценката на ублажувањето во приоритетните области, како и во соодветните акциски планови за ублажување на климатските промени<br><br>Идентификување на главна група индикатори со цел да се мониторираат родовите прашања во однос на приоритетните подрачја за ублажување на климатските промени | Идентификување на релевантни извори на податоци<br><br>Изработка на критериуми и индикатори специфични за земјата и кои ги земаат предвид родот и климатските промени и кои овозможуваат мониторинг на родовите прашања во приоритетните области за ублажување на климатските промени<br><br>Спроведување обуки за релеватните национални засегнати страни за родови прашања и ублажување на климатски промени<br><br>Изработка на специфични примери од долу нагоре и од горе надолу за клима и родови прашања за приоритетната област ублажување на климатските промени | Вмрежување, координација и консултација | Проектниот тим<br><br>Помош од Глобалната програма за поддршка и УНФЦЦЦ при обезбедување на специфична техничка поддршка | 2019 - 2021 | Да<br>Околу 5.000 УСД |

| Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи | Чекори за вклучување на родовите аспекти | Акција - што треба да направиме | Што е потребно тоа да го направиме | Кој? (Одговорна страна) | Кога? Временски распоред | Дали ни треба буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обезбедување научените лекции и добрите практики да ги содржат родовите аспекти, разликите во искуствата на мажите и жените, нивните знаења и придонесите<br><br>Градење на техничките капацитети на главните национални институции за да се поддржи оценката на ублажувањето на климатските промени и изработката на релевантни политики, стратегии и мерки<br>Обезбедување планот за работа да содржи категории каде родовата поделба на работната сила го покажува опсегот на длабинската родова анализа<br><br>Координација со Техничката работна група за ранливост и адаптација со цел да се обезбеди конзистентност во сите сектори | | | | | |

| **Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи** | **Чекори за вклучување на родовите аспекти** | **Акција - што треба да направиме** | **Што е потребно тоа да го направиме** | **Кој?**<br>**(Одговорна страна)** | **Кога?**<br>**Временски распоред** | **Дали ни треба буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сите Проектни задачи да содржат собирање на родово расчленети податоци, група на родово специфични индикатори, и вклучување на специјалист за родови прашања кој ќе направи родова анализа на наодите за митигација<br><br>Обезбедување жените и мажите да се вклуќени во изработната на основните сценарија и параметрите поврзани со митигацијата<br><br>Обезбедување консултации со релевантните граѓанските организации, експертски организации, приватниот сектор итн. | | | | | |
| **Д: Известување за ограничувањата, недостатоците и потребите** | | | | | | |
| • Проблеми и ограничувања за адаптација | Јасно изразување на потребите и на ограничувањата за интегрирање на | Спроведување обуки за релевантните национални засегнати страни за буџетирање кое ги зема превид родови прашања и при | Вмрежување, координација и консултација | Проектниот тим | 2019 - 2021 | Да<br>Околу 5.000 УСД |

| **Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи** | **Чекори за вклучување на родовите аспекти** | **Акција - што треба да направиме** | **Што е потребно тоа да го направиме** | **Кој? (Одговорна страна)** | **Кога? Временски распоред** | **Дали ни треба буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| • Проблеми и ограничувања при инвентаризација на стакленички гасови<br>• Проблеми и ограничувања при оценка и активности за ублажување на климатските промени<br>• Планирани активности за адресирање на проблемите и надминување на ограничувањата<br>• Финансиски потреби за ефикасно и ефективно спроведување на Конвенцијата | родови прашања во климатските промени<br><br>Подредување на прашањата кои произлегиваат од собирањето и анализата ан родово расчленети податоци, и истражување и родова анализа на секторските прашања во секоја компонента на НП<br><br>Истакнување на ограничувањата поврзани со дискриминација и/или нееднаковст и прашања поврзани со капацитетите а кои се поврзани со различните општествени улоги на жените и мажите, и идентификување на предлозите за решавање на ограничувањата<br><br>Воведување на утврдување на трошоците за дополнителна интеграција на родовата анализа како | адаптација и при ублажување на климатските промени | | Лица за контакт за родови прашања и климатските промени<br><br>Помош од Глобалната програма за поддршка и УНФЦЦЦ при обезбедување на специфична техничка поддршка | | |

| Национални планови/Чекори за изработка на двогодишните извештаи | Чекори за вклучување на родовите аспекти | Акција - што треба да направиме | Што е потребно тоа да го направиме | Кој?<br>(Одговорна страна) | Кога?<br>Временски распоред | Дали ни треба буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | прашање во иницијативите за климатските промени во различни сектори | | | | | |